# ОД НАС ЗА НАС

**Списание направено од сексуални работници за сексуални работници**

**Број 6**
**мај/јуни**
**2009**



## КОНДОМИ И ЛУБРИКАНТИ



## ОД СПОМЕНАРИТЕ НА ЕДНА ПРОСТИТУТКА



## Тешка година за спонзорушите и Сексуалните работници



## ОСНОВНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

# ОД СПОМЕНАРИТЕ НА ЕДНА ПРОСТИТУТКА




**Те барав....**

Беше тоа еден ден што траеше цела година.

А беше тоа година кога помислував дека твојата коса низ туѓи прсти минува, ко млаз вода, или ко сува пченица, па тогаш останав сама и сите други што ме сакаа мене остануваа сами. И возовите добиваа нови и незнајни брзини и веќе никаде неможеа да запрат, и сите ветрени тревки беа посилни од моите болки. А беше тоа година кога помислував дека полната светлина капи, и се меша во туѓа судбина, па животните ме гледаа како пријател што го губат.

Беше тоа година, кога помислував дека веќе неможам да живеам без тебе, па почнав да личам на сите мои предци а најмалку на себе.

Видот не ме открива, телото не ме прифаќа, и веќе почнав да живеам со бестелесна тежина. А мојата далечна мисла сека над градовите и секој говор ми почнува од твоето име.

Те оживувам од сите слики, но жив нигде те немам. Една година без тебе ги гледам причините за сите војни. Сето бело видело, ми го скри под своите трепки, па низ пат кај што врвам, низ сон, низ крај и низ бескрај, тебе те здогледувам. Те барав во се и сешто, а барајќи можев само да те ср
не и да те најдам.....но не и
дам!!!

## НАРКОМАН...

...И по којзнае кој пат те изгубив, но овој пат чинам засекогаш!!!

Белиот прав го зеде неговиот живот, неговата младост, го зеде него единствениот кој знаев да го сакам.

Збунета од веста што ја слушнав трчав до неговата куќа, како слепа по патот. А кога стигнав до неа, ја отворив вратата, а внатре...внатре се беше тивко!

Студените крикови од најблиските уште толку ја замрачија собата во која што лежеше тој, а отчукувањето на старата селска камбана уште толку ги засилуваше моите болки.

Влегов во собата, а од црнината во која беше забрадена неговата мајка ми се заматуваше погледот. Тој лежеше на подот, а таа кутра клекната до него ја исплакуваше неговата смрт, исплакувајќи ја загубата на единственото чедо.

Замина керко...!!!

Господ го зеде, го зеде мојот единствен род пред да научам да бидам добра мајка, го зеде него а зад себе остави една стара беспомошна жена за која животот се претвори во пекол.

Само тоа го слушнав од неговата мајка, и сакав да ја споделам болката со неа,




да и возвратам со утешни зборови, но мојот глас го немаше повеќе. Можеби како последица од неговата смрт, а можеби и затоа што животот за мене престана да тече, но бев доволно храбра да го надминам и тоа. Но се уште се прашувам зошто не умре како што умираат сите, зошто не умре од она од кое што умираат сите, туку лежеше на подот како грешник, што се мачи пред смртта. Се прашувам, но одговор никако да најдам.......?!

Можеби затоа што сакаше да ме види за последен пат, а можеби и затоа што сакал да го најде белиот прав, да го проба и да се сети на неговиот вкус. Но ако е така, ако се мачеше да го најде а го немаше, ке посакав моево срце да се стори во тој проклет бел прав, да го земе со себе и да го користи вечно. Но не, јас не знаев дека тој живее од тоа, не знеав дека е наркоман,....а ниту тој сега незнае дека и јас сум тоа!!!

Но погрешно мислев, тој замина а мене ме остави сама со нечиста мисла што прекасно ја сфатив причината зошто тој ме одбегнуваше, зошто не сакаше да останам со него?! Знаеше дека ке си го уништам животот....иако сега веке се е уништено...

## Коалиција за заштита и промоција на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници



Во ова издание на весникот во име на членовите на СТАР и сексуалните работници-читатели на ова списание, би сакале да упатиме голема благодарност до "Коалицијата за заштита и промоција на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници" кои што дадоа свој несебичен придонес за печатењето на овој број на весникот.

Оваа коалиција е формирана со уште шест други невладини организации, меѓу кои и СТАР, и се фокусирани на два клучни проблеми-промоција и заштита на сексуалните и здравствените права на маргинализираните заедници, меѓу кои спаѓаат и Сексуалните работници.

Особено важно да кажеме е тоа дека оваа коалиција составена од овие шест невладини организации, им даде особена поддршка на Сексуалните работници кои беа уапсени и кривично гонети од страна на полицијата во рацијата која што ја имаше спроведено на отворената сцена.

Уште еднаш голема благодарност од тимот на СТАР, заедно со читателите!

# Врсничка Пиер едукакација помеѓу Сексуални работници и (теренски работници кај Сексуални работници)



Невладината организација Хера во партнерство со Хопс, изминатиот месец во Маврово одржаа тренинг за врсничка Пиер едукација помеѓу Сексуални работници и теренски работници кај сексуални работници. Во тренингот учествуваа лица од самата целна заедница односно Сексуални работници, и истиот имаше за цел да им овозможи поголем пристап на информации во однос на заштита од полово преносливи инфекции, заштита од Хив и Сида, начин на пренос на овие болести, како и зошто користиме кондом, и контрацептивни методи за заштита од несакана бременост.

Овој тренинг за врсничка едукација што претставува едукација помеѓу лица припадници на една иста заедница како на пример Сексуалните работници, им овозможува сите стекнати информации околу горе споменатите методи во иднина да ги пренесуваат, односно споделуваат со останатите Сексуални работници, како би придонеле за поголема заштита на своето здравје, така и за здравјето на останатите Сексуални работници.

Овој тренинг исто така имаше и една друга цел, да ги обедини Сексуалните работници на едно место, каде што тие слободно можеа да дискутираат за сексуалната работа, нивните искуства, пријатни или непријатни, да се запознаат меѓусебно и во иднина да креираат и зацврстуваат приајтелства.

На петдневниот тренинг беа присутни и членови на СТАР, кои што освен што се здобија со основни информации за врсничка едукација, изградија нови пријателства со останатите Сексуални работници.

Целиот тренинг беше исполнет со пријатна работна атмосфера, и секако многу дружење, за кое се надеваме дека ке го повториме пак во блиска иднина.



# Тешка година за спонзорушите и Сексуалните работници



Помеѓу жртвите на светската економска криза се најдоа и љубовниците на богаташите, и продавачите на Сексуалните услуги...

Во истражувањето на една светска агенција, се покажало дека 80% од богаташите се обидуваат на различни начини да ги намалат трошоците за таканаречената "втора жена".

Според резултатите речиси половина од менаџерите, директорите, и разните финансиски експерти се обидуваат да ги отарасар љубовниците, или сексуално да се задоволуваат дома со брачниот партнер, отколку да излезат на улица и да фрлаат пари за задоволство од 5 минути.

"Како луксузниот автомобил, така и љубовницата бара пари, време и одржување". Затоа кога богаташите треба да штедат, љубовниците се помеѓу првите рестрикции на листата. Доколку пак богаташот не сака да се отараси од љубовницата, таа мора да го прифати фактот дека стигнуваат лоши времиња и за скапите подароци ке треба да се почекаат некои подобри времиња. Во САД, земјата која се наоѓа во длабока рецесија, е издаден прирачник за оние кои вршат неверство.

Сега на сите ни е повеќе од јасно дека побарувачката на Сексуални услуги опаѓа, меѓутоа не е разочарувачки фактот дека секој маж има потреба од промена, па барем еднаш месечно би можел си дозволи да плати за сексуална услуга.

# И татковците им препорачуваат проститутки на синовите...



Таткото кој сакал да го почести својот 14 годишен син со услуга на проститутка, која на малиот требала да му ја земе невиноста, сепак нема да заврши во затвор, одлучил судот во Нотингем.

Таткото, 42-годишен Пољак, го одвел синот со автомобил во црвениот кварт во Нотингем и му рекол да си одбере проститутка.

За несреќа, татковата намера неславно завршила, бидејќи малиот одбрал баш полицајка, која во моментот била на "тајна задача".

Пољакот кој во Британија се доселил пред 8 години и пришол на избраната проститутка, односно полицајката и преговарал за цената.

Откако се договриле за цената 20 фунти, таткото веднаш бил уапсен.

Синот на судењето изјавил дека тој уште бил невин "па тато се одлучил да се погрижи околу тоа".

И таткото ја признал вината за обид за заведување на жена за секс со малолетник и за тоа добил 10 месеци условен затвор.

Судијата се одлучил да го поштеди од затворска казна, бидејќи досега не бил осудуван и затоа што немал намера да му наштети на неговиот син.

Обврзани сте да се грижите за синот а тоа го вклучува и неговото морално воспитување, а не како што можеби сте мислеле грижата за неговото прво сексуално искуство со проститутка-биле завршните зборови на судијата.

# Кламидијата ја уништува спермата

Бактеријата кламидија која се пренесува преку сексуален пат, односно незаштитен секс или секс без кондом, може да ја влоши плодноста кај мажите.

Една студија покажува дека анти-телата против кламидијата имаат врска со влошувањето на квалитетот на спермата.

Мажите со анти-тела на кламидија во крвта имале пониска концентрација на спремата, полоша подвижност и помала долговечност кај сперматозоидите, како и повеќе сперматозоиди со ненормален изглед.

Според студијата тоа би можело да биде причина за намалување на шансите за забременување. Кламидијата исто така може да предизвика и заболување и оштетување на јајниците кај жената. Затоа е особено важно секоја сексуално активна жена или маж да посетува лекар, жените гинеколог а мажите уролог-дерматовенеролог.

**Секоја среда од 13 до 18 часот, моменти за разубавување во дневниот центар на Хопс, во Гази Баба. Шминка, фризура, шишање, и сето тоа беспалтно.**



# КОНДОМИ И ЛУБРИКАНТИ

**За да практикувате сигурен секс, вас ви треба конкретен совет за кондомите и лубрикантите. Не сите кондоми се за сигурен секс и има рзлични видови на лубриканти.**



Во овој дел од рубриката ќе споделиме заедно неколку корисни информации кои што ги добивме на тренингот за врсничка едукација во Маврово околу правилното користење на кондомите и лубрикантите, и што во случај ако

кондомот пукне?!

**-Кондом**

Кондомот е тенок латекс, кој се одвиткува на еректиран пенис, односно тогаш кога пенисот е тврд.

Тој заштитува од несакана бременост и сексуално преносливи болести.

Има разни видови на кондоми. Но не сите кондоми се со добар квалитет.

Има кондоми за вагинален, анален и орален секс. Сите овие кондоми се различни по својата дебелина, и вкус. Користете кондом соодветен на сексот кој што го имате, ако имате орален секс тогаш

користете кондом со овошни вкусови кој е наменет за овој секс, ако имате анален кондом тогаш користете екстра дебел кондом односно кондом соодветен за овој тип на секс.

Особено важно е кондомите да ги чувате на место каде што нема да се оштети пакувањето. Тие најчесто не треба да се мешаат со останатите работи.

**-Лубриканти**



Има лубриканти кои се специјално направени за сексуални односи.

Најчесто кондомите имаа на нив лубриканти. Некои крути кондоми немаат лубриканти на нив, но имаат лубрикант одделно во пакувањето. Лубрикантите може да се купат во аптеки или да побарате од вашиот теренски работник.

Сувата вагина го прави сексот непријатен, и може да доведе до пукање на кондомот. Ако се користи лубрикант се намалува ризикот од пукнат кондом. За анален секс се препорачува да се користи многу лубрикант, бидејки анусот не произведува никаква течност за подмачкување

Секогаш користете лубриканти кои се на база на вода. Тие не содржат абразливи масла кои можат да доведат до оштетување на кондомот. Значи не смеете да користите никакви дополнителни средства за подмачкување како што се на пример, масло, шампон, вазелин, освен лубрикант на база на вода.

**-Пукање на кондомот**

Најчесто ние сексуалните работници имаме проблем со пукнат кондом.

Постојат неколку начини од кои што може да пукне кондомот, на пример:

*нема доволно лубрикант

*лубрикантот кој е користен не бил добар

*нешто тргнало наопаку кога кондомот бил ставен. Можеби бил оштетен од остри нокти, влегло воздух во врвот н кондомот, или не бил отпакуван добро

*се користеле кондоми со низок квалитет

*на кондомот му бил поминат рокот

*сексуалните работници користат вагинална крема како Canesten, Најчесто вагиналните креми имаат абразивно дејство



**Што не треба да правите ако ви пукне кондомот?!**

Вагината не смее да се мие со јак млаз на вода.

Било какви течности за дезинфицирање на вагината не смеат да бидат користени. Тие ке го зголемат ризикот да закачите некоја инфекција, бидејки кремите може да го оштетат зидот на вагината.

Внатрешното миење на вагината со сапун или други продукти, може само да го оштетат зидот на вагината, а бактериите или спермата неможат да се измијат.

**Веднаш посетете лекар, тоа ке биде најпаметното нешто што сте го направиле!!!**

# ОСНОВНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

На најосновно ниво, човековите права и договори се главно безвредни ако тие не стапат на сила. Повекето држави потпишале повеке од релевантните интернационални договори за човекови права и имаат национални закони. Евиденцијата на човековите права на некои власти е страшна. Правата на сексуалните работници и други маргинализирани групи во некои држави се со големо познавање. Со чукање на саатот овие права се рушат и има сериозни последици по угледот и достоинството на Сексуалниот работник.

Полицијата во некои земји наога бројни причини за да ги вознемири сексуалните работници. Вознемирувајки ги за проблеми поврзани со документи,е често гледан проблем

Но сепак ако документите барани од полицијата се спремни за предавање многу често се случува истите да им бидат одземени, и сексуалните работници да бидат задржани илегално.

Полицијата е често подмитувана со пари или сексуални услуги (со што се овозможува ширење на Сексуално Преносливи Инфекции и ХИВ полесно до јавноста). Сексуалните работници кои работат на улица, кои користат дрога и кои се алхохоличари се оние со најголем ризик од полициски напади и насилство. Насилствата не доаѓаат само од полицијата, туку и од нивните клиенти и макроа. Декриминилизираната околина може ке им олесни на сексуалните работници да пријавуваат случаи на злоупотреба. Во некои држави дури 80% од сексуалните работници се жртви на насилство од нивните клиенти, исто вклучувајќи вознемирување, одзимање на нивните пари или се силувани од клиентите.

Правата на Сексуалните работници исто лежат со фактот дека дека јавноста треба ги исполнува нивните права за приватност.

Ние работиме на тоа дека позицијата на сексуалите работници треба во сите агли да се подобри. Но има проблеми кои им пречат на Сексуалните работници да го направат тоа:

**-Постои незнаење за правата и потребите на сексуалните работници. Сексуалната работа е забранета тема и сексуалните работници се омаловажувани.**

**-Сексуалните работници не ги знаат своите права, има недостиг на јавна свест за нивната работа и немаат гаранции дека ке им бидат обезбедени добри работни услови.**

**-Голем број сексуални работници се со недостиг на знаење за политичката ситуација и се плашат да дознаат. Голем дел од нив живеат двоен живот, тие не се свесни и немаат став за нивните права.**

**-Голем број сексуални работници зависат од други кои ги довдуваат до изолација и експлоатација, и им креираат лоши работни и животни услови.**

Ова горе наведеното кое што го прочитавте е приказна за секој од нас. Секој од нас ги има истите проблеми со кои секојдневно се соочува. Меѓутоа мора да имаме во предвид дека колку повеке знаеме за нашите права, толку повеке можеме да избегнеме да бидеме жртви на насилство.

**Запомнете: Ниедно насилство не смее да заврши со молк, имате потполно право да барате расчистување на случајот, и имате еднакво право да ги уживате своите права како и сите останати во ова општество!!!**


СЕКОЈ ИМА ПРАВО
НА ИЗБОР

# ЉУБОВЕН ХОРОСКОП (како доживувате разделба)

**Раскинувањата не ги прифаќаме сите исто – некои плачат, некои не јадат, други патат во тишина, но има и онакви кои утеха наоѓаат во пиењето или во нов патнер.**

Ако верувате дека реакцијата има врска со хороскопскиот знак, пронајдете го својот партнер и видете каква реакција ќе има тој, ако го откачите:

## Овен



Болно го доживува раскинувањето, иако се труди на остави впечаток на неодолив срцекршач. Иако е огнен знак, не му е сеедно кога доаѓа до раскинување на врска. Бидејќи верува дека во љубовта и војната се е дозволено, тој ќе се обиде да ја придобие личноста која ја сака на сите можни начини.

## Бик



Иако делува опуштено, како да нема никакви проблеми, тешко поднесува раскинување со сакананата личност, па макар и кога некој од нив мора да отпатува. Ако станува збор за дефинитивна разделба со сакананата, емотивниот бик ќе се заклучи дома и ќе пати во тишина, евентуално ќе поразговара со најдобриот пријател кој тешко дека ќе го измотивира да се помрдне од кревет. Утеха наоѓа во стихови од песни кои го потсетуваат на партнерот.

## Близнаци



Тие глумат дека раскинувањето го доживуваат спортски, на принцип – не е тој/таа единствен на светот, но вистината е дека не им е лесно. Близнакот е навикнат да биде сакан, потребен, па никако не може да им стане јасно зошто некој би ги оставил. А ако тоа се случи, тој ќе праќа смс пораки, ќе ја бара, ќе ја чека пред куќа...

## Рак



Ракот тешко го преболува прекинот на врската, па во очајот се нафрла на јадење и пиење по кафани, а често и наоѓаат нов партнер во кој ќе бараат утеха, а е под нивно ниво. Но, ракот од почеток ќе се надева на моментот кога ќе ја сретне љубовта на својот живот, и ништо друго не им е важно!

## Лав



Гордиот лав пати драматично, отворено па сите дознаваат дека тој е повреден. Тешко го поднесуваат прекинот на врската, па често размислуваат дали причината е повреда на суета или пак скршено срце или и едно и друго.

## Девица



Избувлива но трпелива Девица кога станува збор за раскинување, дава се од себе само да ја открие причината за тоа. Ќе се дави во својата омилена чоколада, и ќе смислува што пораки да праќа на својот сакан партнер. Во случај таа да посака да ја раскине врската, ќе направи да личи дека е таа (Девица) оставената.

## Вага



Воздржана и суетна Вага, како родена глумица, нема на никој на му го пружи тоа задоволство да гледа како таа пати и како нејзиниот свет е срушен. Пред другите ќе се смешка и ќе се прави дека таа го оставила партнерот, а не тој неа, се додека дома ќе плаче и ќе се буди на јастукот кој сеуште ќе мириса на парфемот на сакаmake личност која Вагата ја сака до болка.

## Шкорпија



Таа пати како ниеден друг знак, посебно кога е заљубена и оставена од личноста која искрено ја сака. Нема да знае на кого прв да се јави, со кого да разговара за нејзината тага, затоа што со Шкорпиите е најтешко да се разговара за љубовните проблеми. Тие се неподносливи и дефинитивно најтешко ја прифаќаат разделбата со партнерот.

## Стрелец



За да го преболи раскинувањето Стрелецот ќе избега од суровата реалност. Секако ќе се обиде некаде да отпатува, но ако тоа не е возможно, ќе замине во омилениот ресторан или ќе се вози низ градот, а по пат ќе го изнајми филмот кој сакал да го гледа со саканата личност.

## Јарец



Практичен, но чувствителниот Јарец нема никогаш да му биде јасно кој би бил толку луд баш него да го остави, затоа што нема нешто што тој не би направил за партнерот. Кога е тој оставен, пробува да го премота филмот наназад, и да види што тоа на партнерот не му одговарало. Тој пати сам и сам си се теши.

## Водолија



Оставената Водолија ќе трча од пријател до пријател неможејќи да сфати дека партнерот ја оставил затоа што никогаш не била на чисто со неговите намери, плано и чувства. Се што таа ќе посака да му каже на својот партнер, ќе го исфрли на своите пријатели. Но, сепак, ќе направи се што може и неможе за да ја врати саканата личност.

## Риби



Рибите се родени за патење, сожалување и бол. Тагата во нивните очи е поголема од сите можни зборови, а со осаменоста и солзите се справуваат во тотална изололација. И така во сопствено сожалување, несфатени и отфрлени од партнерот, Рибите во својата емотивна конфузија ќе се потсетуваат на некои други љубовни раскинувања, за кои мислеле дека по нив, светот запрел.

**во издание на:**

STAR

**подржано од:**

HOPS

SWAN

Public Health Program
*Sexual Health and Rights Project (SHARP)*